# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 15 | Среда, 22 мај 2019 год. |
|---|---|

*www.strumica.gov.mk*


**С о д р ж и н а**

## Градоначалник на општина Струмица:


| Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|
| **266.** | **Одлука** за воспоставување на Регистар на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем и Регистар на категоризирани угостителски објекти ...... | 2 |
| **267.** | **Одлука** за организирање на јавна анкета на АУП за промена на границите помеѓу градежните парцели ГП бр. 14-14 и ГП бр. 14-12 дел од блок 14 УЕ2 општина Струмица ............. | 2 |
| **268.** | **Одлука** за организирање на јавна презентација на АУП за промена на границите помеѓу градежните парцели ГП бр. 14-14 и ГП бр. 14-12 дел од блок14 УЕ2 општина Струмица ............ | 3 |
| **269.** | **Решение** за формирање на Комисија за спроведување на јавна презентација и јавна анкета на АУП за промена на границите помеѓу градежните парцели ГП бр. 14-14 и ГП бр. 14-12 дел од блок 14 УЕ2 општина Струмица ............. | 3 |
| **270.** | **Решение** за разрешување директор на Локалната установа библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица ......................... | 4 |
| **271.** | **Решение** за именување вршител на должност - директор на Локалната установа библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица .................................. | 4 |

**266.**

Врз основа на член 4 и член 47-а од Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16) и член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за воспоставување на Регистар на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем и Регистар на категоризирани угостителски објекти**

Член 1

Согласно Законот за угостителска дејност со оваа Одлука се воспоставува Регистар на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем и Регистар на категоризирани угостителски објекти.

Член 2

Физичките лица кои вршат угостителска дејност од мал обем се должни да се регистрираат во Регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем, како и во Регистарот на категоризирани угостителски објекти со поднесување до Општина Струмица на Барање за упис во Регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем и Барање за утврдување на минимално – технички услови и категоризација за вршење на угостителска дејност од мал обем.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 09-3450/1 Општина Струмица
13.05.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

...................................

**267.**

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија “ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16,163/16 и 11/18) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Службен гласник на општина Струмица” број 4/03, 2/06,15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање на јавна анкета на АУП за промена на границите помеѓу градежните парцели ГП бр. 14-14 и ГП бр. 14-12 дел од блок14 УЕ2 општина Струмица**

1. Се организира јавна анкета на АУП за промена на граница помеѓу градежните парцели ГП бр. 14-14 и ГП бр. 14-12 дел од блок 14 УЕ2 Општина Струмица со површина од 840 $м^2$ со граничен опфат:
- на север со улицата бр. „8“ ;
- на југ со улица бр. „8“ ;
- на запад со улица „Ката Поцкова“; и
- на исток по граница на КП 7336/7 и КП 7335/8.

2. Одлуката за организирање јавната анкета ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, Секторот за уранизам и комунални работи, ВЕБ страницата на Општина Струмица, Службен гласник на општина Струмица, е-урбанизам и средствата за јавно информирање.

3. Јавната анкета ќе трае од 22.05.2019 година до 29.05.2019 година.

4. АУП за промена на граница помеѓу градежните парцели ГП бр. 14-14 и ГП бр. 14-12 дел од блок14 УЕ2 општина Струмица, ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. ”Ленинова” бр.36 .

5. Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови со своите забелешки ќе можат да ги дадат во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. ”Ленинова” .

6. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во ”Службен гласник на општина Струмица”.

Бр. 09-3647/2 Општина Струмица
20.05.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

..................................................

**268.**

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Службен гласник на општина Струмица” број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање на јавна презентација на АУП за промена на границите помеѓу градежните парцели ГП бр. 14-14 и ГП бр. 14-12 дел од блок14 УЕ2 општина Струмица**

1. Се организира јавна презентација на АУП за промена на граница помеѓу градежните парцели ГП бр. 14-14 и ГП бр. 14-12 дел од блок14 УЕ2 општина Струмица со површина од 840 м$^2$ со граничен опфат:

- на север со улицата бр. „8“ ;
- на југ со улица бр. „8“ ;
- на запад со улица „Ката Поцкова“; и
- на исток по граница на КП 7336/7 и КП 7335/8

2. Одлуката за организирање јавната презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, Секторот за уранизам и комунални работи, ВЕБ страницата на Општина Струмица, “Службен гласник на општина Струмица”, е-урбанизам и средствата за јавно информирање

3. Јавната презентација ќе се одржи на ден 27.05.2019 година во 13,00 часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул.”Ленинова” бр. 36

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Струмица”.

Бр. 09-3647/3 Општина Струмица
20.05.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

.....................................

**269.**

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” број 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 58/13 и 42/14) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Службен гласник на општина Струмица” број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15 и 8/18), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Комисија за спроведување на јавната презентација и јавна анкета**

1. Се формира Комисија за спроведување на јавната презентација и јавна акета на АУП за промена на граница помеѓу градежните парцели ГП бр. 14-14 и ГП бр. 14-12 дел од блок14 УЕ2 општина Струмица во состав:

- Софија Ристова– Раководител на Одделение за урбанизам;
- Томе Тимов – претставник на изготвувачот на планот; и
- Лилјана Иванова – дипломиран архитект, надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе јавната презентација на 27.05.2019 година во 13,00 часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул.”Ленинова” , а јавната анкета од 22.05.2019 година до 29.05.2019 година.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на општина Струмица”.

Бр. 09-3647/4 Општина Струмица
20.05.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

...........................................

**270.**

Врз основа на член 12 став 2 од Законот за библиотеките („Сл.весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16) и член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за разрешување директор на Локалната установа библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица**

1. Од должноста директор на Локалната установа библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица се разрешува Тања Гошева.

2. Оваа Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.09-3666/3 Општина Струмица
22.05.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

**271.**

Врз основа на член 12 став 12 и став 13 од Законот за библиотеките („Сл.весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16) и член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18) Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за именување вршител на должност - директор на Локалната установа библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица**

1. За вршител на должноста директор на Локалната установа библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица,, се именува Тања Гошева – досегашен директор на оваа установа.

2. Вршителот на должноста директор се именува сметано од 22.05.2019 година, но не подолго од 6 (шест) месеци.

3. Оваа Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл. гласник на Општина Струмица“.

Бр.09-3783/1 Општина Струмица
22.05.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.